Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- ЦАРИНСКА УПРАВА -

Централна управа Одделение за прекршочна постапка

До:

Димитар Јованов

улица Гоце Делчев број 4

Виница

**Предмет: Покана за писмено произнесување по прекршочна постапка**
**Врска : Прк.бр.0089/22**

До Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на РСМ поднесено е барање за поведување на прекршочна постапка број 28-017351/22-0004 од 07.04.2022 година, со кое се обвинувате дека сте сториле царински прекршок опишан во барањето.

Согласно член 60, став 3 од Законот за прекршоците (Сл.весник на РМ бр.96/19), Ви го доставуваме Барањето за поведување на прекршочна постапка и Ве повикуваме во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на истото **писмено** да се изјасните за фактите и доказите наведени во барањето, во врска со царинскиот прекршок, , како и да ги приложите евентуалните докази со кои располагате, на адреса Царинска управа на РСМ, ул.Колекторска 6б, Царинарница Скопје-До Комисија за одлучување по прекршок **Прк.бр.0089/22.**

Во спротивно Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по барањето за поведување на прекршочна постапка врз основа на приложената писмена документација.

Самостоен советник,
Дејан Атанасовски

Прилог:
- барање за поведување на прекршочна постапка број 28-017351/22-0004 од 07.04.2022 година

Архивски број:
28-017351/22-0006
Скопје, 03.05.2022 година
01.10.00.УП.001.06-ОБ.06.06


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски“ бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- ЦАРИНСКА УПРАВА -
Царинарница Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - MINISTRIA E FINANCAVE
ЦАРИНСКА УПРАВА - DREJTORIA E DOGANAVE
Сектор за правни Работи - Одделение за прекршочна постапка - Комисија за одлучување по прекршок - Скопје
Sektori për çështje juridike - Seksioni për procedurë të kundërvajtjes - Komisioni për vendimmarrje sipas kundërvajtjes - Shkup

| Примено: Pranuar: | 11 -04- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Organ. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| Прк. | 0089/22 | | |

До
Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Врз основа на член 10 став 1 точка 6 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09,48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18) и член 83 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РМ" бр. 96/19), поднесуваме:

## БАРАЊЕ
## ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

ПРОТИВ:
**Димитар Јованов, роден 02.03.1988 година во Штип, ембг. 0203988490006, со адреса на живеење Гоце Делчев Виница, државјанин на Република Северна Македонија**

ЗАТОА ШТО:

На ден 26.02.2022 година во 02.30 часот на бензинската пумпа „Екол Оил" на магистралниот пат А3 кај селото Тркање општина Кочани, предизвикал сообраќајна незгода со ПМВ марка Ауди 3 со регистарски таблички КН-4833-ВК и број на шасија WAUZZZ8L62A045812, управувано од лицето Димитар Јованов а сопственост на Анка Димитрова Колева од Дупница-Ќустендил Р. Бугарија. За возилото поседувал фотокопија од сообраќајна дозвола и истечен зелен картон на име на Анка Димитрова Колева. По направената сообраќајна незгода со возилото го напуштил местото и го продал во Арачиново. Врз основа на прибавената документација констатирано е дека моторното возило кое го управувало горепријавеното лице не поседува доволна документација за да може да управува со истото. Односно лицето Димитар Јованов, не поседувал доволна документација за докажување на правото да го управува странското ПМВ на царинското подрачје на Република Северна Македонија, односно го управувал ПМВ на територијата на Република Северна Македонија без да има правен основ за тоа што значи дека со возилото постапил како да било пуштено во слободен промет, иако за истото не се спроведени пропишаните царинските формалности за пуштање на стоката во слободен промет и за плаќање на увозните давачки предвидени со Царинскиот закон.


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Бидејќи по направената сообраќајна незгода лицето Димитар Јованов го напуштил местото, заради сомневање за сторен царински прекршок, се направени дополнителни проверки за лицето и возилото но возилото бидејќи го продал не е привремено одземено.

На ден 29.03.2022 година од страна на полициски службеник од ПС-Кочани е извршен разговор со пријавениот Димитар Јованов и од истата е составена службена белешка за добиена информација преку непосреден разговор со граѓанин. Пријавениот изјавил дека со наведеното ПМВ застанал на бензиската пумпа „Еко Оил" да наточи гориво каде што имајќи проблем со менувачот, удрил со задниот дел во една од пумпите за точење на гориво. Излегол од возилото и бидејќи се познавал со сопственикот а било касно рекол дека ке се јавил да се договори за надомест на штетата и да не пријавуват во полиција. Пријавеното го напуштил местото и заминал за Скопје. Понатаму како што тврди му се расипал моторот и го продал ПМВ Ауди 3 во село Арачиново без да земе никаков докумет.

Царинарница Штип изврши премер и проценка на предметното возило (Записник за прием премер и проценка бр.28-017351/22-0003 од 06.04.2022 година со што констатира дека ПМВ марка Ауди 3 е со единична вредност (царинска основица) од 142.947,00 денари и царински давачки во износ од 55.834,00 денари. Вредноста на ПМВ е утврдена согласно член 34 од Царинскиот закон на РСМ со користен податок од Електронски каталог SshwackeNet.de бр.149252/37428840.

Со гореопишаното дејствие, пријавениот Димитар Јованов од Виница постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон, со што сторил царински прекршок по член 265 во врска со член 263 став 4 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

ПОРАДИ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА:

Врз основа на член 263 став 7 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок да покрене прекршочна постапка против пријавеното лице за прекршокот кој му се става на товар и по утврдување на фактичката состојба и изведување на приложените докази кон барањето да биде огласен за виновен и да му биде изречена прекршочна санкција согласно закон.

По писмено изготвување на одлуката по ова барање Ве молиме еден примерок да биде доставен до Царинарница Штип, ул.„Брегалничка" 66, Терминал Штип.

Со почит,

**Овластено лице на**
**Царинарница Штип**
**Ангел Кишишов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ЦАРИНАРНИЦА ШТИП 3

Прилог:

- Службени материјали, доставува бр.22.28.6.1.1-1788/1 од 30.03.2022 година од МВР,ПС Кочани заведено со број 28-017351/22-0001 од 30.03.2022 година.
- Службена белешка за добиена информација преку непосреден разговор со граѓанин број 22.28.6.1.1-505 од 29.03.2022 година,


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски" бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

- Копија од сообраќајна дозвола за возилото,
- Копија од зелен картон со број БГ/23/1150015313391/05,
- Записник за комисиски прием,премер и проценка на стоки бр.28-017351/22-0003
- Утврдена вредност од електронски каталог Schwacke broj 149252/37428840.

Бр.28-017351/22-0004
Штип, 07.04.2022 година.


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски" бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015